Референтен број: IPA/2022/440-473-AJM – 0010
Наслов на проектот: „Заштита на слободата на изразување и независноста на медиумите како столбови на демократијата во Република Северна Македонија“ (Safeguarding the freedom of expression and independence of media as pillars of democracy in the Republic of North Macedonia)
Лот: 5.8.2 Кампања за подигање на свеста за потребите во медиумскиот сектор (Awareness raising campaign on the needs in the media sector (A3.1.1))

ПОВИК ЗА ПРИЈАВУВАЊЕ ЗА ИЗРАБОТКА НА

КАМПАЊА ЗА ПОДИГНУВАЊЕ НА СВЕСТА ЗА СИСТЕМСКИ ПРОМЕНИ ВО МЕДИУМСКИОТ СЕКТОР, ЈАКНЕЊЕ НА НОВИНАРСКАТА СОЛИДАРНОСТ И ВАЖНОСТА ОД ЧЛЕНСТВО ВО ЕСНАФСКИ ОРГАНИЗАЦИИ

Во рамките на проектот „Заштита на слободата на изразување и независноста на медиумите како столбови на демократијата во Република Северна Македонија“ (Safeguarding the freedom of expression and independence of media as pillars of democracy in the Republic of North Macedonia), финансиран од Европската Унија, а во реализација на Здружението на новинари на Македонија (ЗНМ), предвидена е изработка на кампања за подигање на свеста за потребите од системски промени во медиумскиот сектор што ќе придонесат за правата на новинарите, слободата на изразување и независноста на медиумите во земјата.

Контекст

Како што е наведено во повеќе релевантни меѓународни (EU, US Department of State, RsF, Amnesty International) и национални (2022 National report, 2022 Journalists' Safety Index) извештаи, состојбата со новинарството во Северна Македонија, и покрај одредени подобрувања на општата клима за независноста на медиумите, останува кревка. Поларизација, недостаток на плурализам, лошите работни услови и неодржливоста на преголем број медиумски компании го карактеризираат општиот медиумски пејзаж во земјата.

Дополнително, според заклучоците од извештајот на Мисијата за утврдување на факти (јуни 2023) и во Мета дата извештајот, како и од наодите од анкетата на членството на ЗНМ, спроведена за потребите за изработка на Стратешкиот план на здружението за периодот 2023-2026 година, меѓу клучните теми посочени како сериозен предизвик за новинарите и медиумските работници е и финансиската (не)зависност од медиумите и улогата и важноста на професионалното новинарство за едно демократско општество.

Во таа смисла, е и потребата од поширока кампања, како моќен метод за влијание и подигање на свеста за суштината и значењето на потребите од системски промени во медиумскиот сектор што ќе придонесат за правата на новинарите, слободата на изразување и независноста на медиумите во земјата. Интенцијата е да се допре до што поголем број од оние кои ги креираат и ги носат законските решенија со кои се уредува материјата од областа на медиумските права и слободи.

Целната публика се и граѓански организации кои се занимаваат со прашања од областа на медиумски слободи, но не само тие: со организирање на информативна кампања важно е да се подигне свеста кај пошироката јавност дека медиумските политики подеднакво влијаат на сите граѓани, не само на новинарите.

Цел на повикот:

Целта на овој повик е **ангажирање на надворешен оператор - давател на услуги за изработка на кампања за** подигање на свеста за суштината и значењето на потребите од системски промени во медиумскиот сектор што ќе придонесат за правата на новинарите, слободата на изразување и независноста на медиумите во земјата.

Кампањата треба да придонесе кон:

- Зголемување на видливоста на активностите кои Здружението на новинарите на Македонија ги спроведува за подобрување на законските решенија и унапредување на правата и состојбите за општата безбедност на новинарите и медиумски работници во земјата;
- Поттикнување на позитивни промени во медиумските политики, преку јакнење на новинарската солидарност и важноста од членство во еснафски организации;
- Подигнување на јавната свест, особено кај поширокаата јавност, за важноста на улогата на професионалното новинарство во демократското општество и зошто слободниот и навремен пристап до информации е важен за јавноста.

Повеќе информации за потребите и техничките услови за овој повик видете **тука**.

Информации за повикот

Постапка: **Отворен / јавен повик**
Тип на договор: **Договор за набавка на услуги**

Потребни документи

- Портфолио за професионално искуство, со детали и референци за завршени најмалку 3 слични проекти
- Професионални биографии на клучните лица за графика и визуализација и комуникација, согласно барањата наведени во документот „Технички услови“
- Изјава (Анекс 2)
- Финансиска понуда (Анекс 3) со детален временски план за спроведување на сите активности,
- Тековна состојба од ЦРМ (не постара од 6 месеци)

Начин и рок на аплицирање

Заинтересираните треба да ја достават својата апликација (портфолио, биографии, тековна состојба, и пополнети **Анекс 2** и **Анекс 3**), преку електронска пошта на следниве адреси contact@znm.org.mk и bnasteska@znm.org.mk со назнака „Апликација по повик IPA/2022/440-473-AJM – 010“.

Крајниот рок за доставување на апликации е **11.09.2024 (среда) до 24ч, ЦЕВ**.

Референтен број: IPA/2022/440-473-AJM – 0010
Наслов на проектот: „Заштита на слободата на изразување и независноста на медиумите како столбови на демократијата во Република Северна Македонија“ (Safeguarding the freedom of expression and independence of media as pillars of democracy in the Republic of North Macedonia)
Лот: 5.8.2 Кампања за подигање на свеста за потребите во медиумскиот сектор (Awareness raising campaign on the needs in the media sector (A3.1.1))

ТЕХНИЧКИ УСЛОВИ

(TERMS OF REFERENCES)

КАМПАЊА ЗА ПОДИГНУВАЊЕ НА СВЕСТА ЗА СИСТЕМСКИ ПРОМЕНИ ВО МЕДИУМСКИОТ СЕКТОР, ЈАКНЕЊЕ НА НОВИНАРСКАТА СОЛИДАРНОСТ И ВАЖНОСТА ОД ЧЛЕНСТВО ВО ЕСНАФСКИ ОРГАНИЗАЦИИ

За проектот:

Општата цел на проектот е да придонесе за создавање поповолна правна и политичка средина за практикување на слободата на изразување и независноста на медиумите како столбови на демократијата во РСМ и заштита на основните права на новинарите.

Дополнително, проектот има за задача да придонесе кон поголемата новинарска солидарност и да ја зајакната улога на ЗНМ за активна заштита на новинарската професија, а со тоа да поттикне и промовира одржливи системски решенија за поповолна медиумска средина во дијалог со медиумската заедница и владините институции при креирање медиумски политики.

Една од клучните активностите на проектот е изработка кампања за подигање на свеста за потребите од системски промени во медиумскиот сектор што ќе придонесат за правата на новинарите, слободата на изразување и независноста на медиумите во земјата.

Проектот „Заштита на слободата на изразување и независноста на медиумите како столбови на демократијата во Република Северна Македонија“ е финансиран од Европската Унија. Времетраењето на проектот е 24 месеци (01.01.2023-31.12.2024).

Контекст

Како што е наведено во повеќе релевантни меѓународни (EU, US Department of State, RsF, Amnesty International) и национални (2022 National report, 2022 Journalists' Safety Index) извештаи, состојбата со новинарството во Северна Македонија, и покрај одредени подобрувања на општата климата за независноста на медиумите, останува кревка. Поларизација, недостаток на плурализам, лошите работни услови и неодржливоста на преголем број медиумски компании го карактеризираат општиот медиумски пејзаж во земјата.

Дополнително, според заклучоците од извештајот на Мисијата за утврдување на факти (јуни 2023) и во Мета дата извештајот, како и од наодите од анкетата на членството на ЗНМ, спроведена за потребите за изработка на Стратешкиот план на здружението за периодот 2023-2026 година, меѓу клучните теми посочени како сериозен предизвик за новинарите и медиумските работници е и финансиската (не)зависност од медиумите и улогата и важноста на професионалното новинарство за едно демократско општество.

Во таа смисла, е и потребата од поширока кампања, како моќен метод за влијание и подигање на свеста за суштината и значењето на потребите од системски промени во медиумскиот сектор што ќе придонесат за правата на новинарите, слободата на изразување и независноста на медиумите во

ЕУ со тебе
Овој проект е финансиран од Европската Унија

земјата. Интенцијата е да се допре до што поголем број од оние кои ги креираат и ги носат законските решенија со кои се уредува материјата од областа на медиумските права и слободи.

Целната публика се и граѓански организации кои се занимаваат со прашања од областа на медиумски слободи, но не само тие: со организирање на информативна кампања важно е да се подигне свеста кај пошироката јавност дека медиумските политики подеднакво влијаат на сите граѓани, не само на новинарите.

Цел на повикот:

Целта на овој повик е **ангажирање на надворешен оператор - давател на услуги за изработка на кампања за** подигање на свеста за суштината и значењето на потребите од системски промени во медиумскиот сектор што ќе придонесат за правата на новинарите, слободата на изразување и независноста на медиумите во земјата.

Кампањата треба да придонесе кон:

1. **Зголемување на видливоста на активностите кои Здружението на новинарите на Македонија ги спроведува за подобрување на законските решенија и унапредување на правата и состојбите за општата безбедност на новинарите и медиумски работници во земјата;**
2. **Поттикнување на позитивни промени во медиумските политики, преку јакнење на новинарската солидарност и важноста од членство во еснафски организации;**
3. **Подигнување на јавната свест, особено кај пошироката јавност, за важноста на улогата на професионалното новинарство во демократското општество и зошто слободниот и навремен пристап до информации е важен за јавноста.**

Задачи:

Клучните задачи и одговорности вклучуваат:

1. **Изработка на детален план за кампањата:**

- Интегриран план со временска рамка и медиумски канали, кој ќе биде одобрен од Канцеларијата на ЗНМ.
- Развивање на главен слоган за кампањата на македонски, албански и англиски јазик кој промовира општа безбедност на новинарите, вклучително и нивната безбедност на интернет.
- Подготовка на најмалку три клучни пораки кои ќе ги одразуваат главните прашања и повици за акција поврзани со безбедност на новинарите и медиумските работници .
- Припреми за објави на неделно ниво преку каналите за комуникација на социјалните мрежи на ЗНМ со соодветни визуелизации за платформите на Facebook и Twitter, вклучително и Instagram Reels/posts.

2. **Видеа и анимации:**

- Изработка на визуелни продукти (анимации, видеа и слично, во траење од 15 секунди до 60 секунди) кои ќе ги истакнат главните прашања поврзани со состојбите на медиумските слободи и права на новинарите. Фокусот на темите ќе треба да кореспондира и со тематските настани во организација на ЗНМ. Бројот (најмалку 3) и времетраењето на секој од визуелните продукти ќе се дефинира во комуникација со Наручателот. Сите видео продукти треба да бидат

ЕУ со ТЕБЕ

Овој проект е финансиран од Европската Унија

подготвени на македонски јазик, со верзии на албански и англиски јазик со превод (поднаслови).

- Изработка на Instagram и Facebook Reels за промоција на настани и активности на ЗНМ. За секоја содржина треба однапред да бидат договорени детали со претставници од извршната канцеларија на ЗНМ. Подготвениот материјал за објава треба да биде подготвен најдоцна три дена пред договорениот датум за објава и потврден и одобрен од страна на Нарачателот.
- Промоција на публикации (како што се документи за политики, анализи, новинарски текстови, публикации и слично) и други објави за кои Нарачателот ќе даде насоки. Ваквите објави ќе вклучуваат заштита на авторски права (copyright) и ќе нудат оригинални содржини а истите би биле ограничени на не повеќе од 10 објави за период од 4 недели.
- Целата креатива (фотографии, видеа, аудио позадина/ музика и слично) потребно е да биде авторска, со купени права или free stock доколку се употребуваат интернет материјали.

3. Обука

- Обучување на вработените од извршната канцеларијата на ЗНМ за користење на социјалните медиуми и дигитални алатки за ефикасна комуникација и промоција на активностите на Здружението.
- Обука за креирање и управување со дигитални содржини, вклучително креирање на визуелни материјали, пишување соодветни текстови и управување со кампањи на социјалните медиуми.
- Достава на краток извештај за спроведена обука

Временска рамка

Периодот за реализација (спроведувањето на задачите и испорака на продуктите) е 45 календарски дена и почнува со датумот на потпишување на договорот.

Квалификации и искуство

Понудувачот треба да ги исполнува следниве критериуми и треба да бидат:

- **Регистриран правен субјект:** Понудувачот треба да биде регистриран правен субјект со најмалку три години постоење до денот на поднесување на понудата. Во случај на конзорциум, носител треба да биде понудувачот. Потребно е да се достави доказ за регистрација (Тековна состојба од ЦРМ).
- **Претходно искуство**: Понудувачот треба да има минимум три години практично искуство во развој, планирање и креирање содржини, како и искуство во дизајн на содржини за објава на социјални медиуми, продукција и монтажа на видеа. Потребно е да се достават детали за најмалку три слични завршени проекти, од кои најмалку еден проект завршен во последните 12 месеци.
- **Вештини за дизајн и монтажа**: Понудувачот треба да има одлични вештини за дизајн и монтажа на видеа, потврдени со обемно портфолио на релевантни кампањи. Потребно е да се достават најмалку три референци од клиенти како доказ.
- **Клучен експерт за графика и визуализација**: Понудувачот треба да има најмалку еден клучен експерт со минимум три години искуство и напредно познавање на графички и визуелни

ЕУ со ТЕБЕ

Овој проект е финансиран од Европската Унија

алатки како Adobe CS Suite, вклучувајќи Illustrator, Photoshop, After Effects и Premiere. Потребно е да се достави CV на предложениот експерт.

- **Експерт за комуникации**: Во тимот треба да има експерт со искуство во развивање на сценарија за информативни и кампањски видеа. Потребно е да се достави CV на предложениот експерт.
- **Јазична компетенција**: Понудувачот треба да може да работи на англиски јазик и да ги обезбеди сите испораки на македонски, албански и англиски јазик.
- **Искуство со други субјекти**: Пожелно е понудувачот да има претходно искуство во креирање вакви и слични кампањи за промоција и видливост на разни субјекти.
- **Високо ниво на професионалност и почитување на добри деловни практики и испорака во ситуации на притисок и кратки рокови.**

Финансиски надомест:

Максималниот буџет за оваа набавка изнесува ЕУР 6,000 бруто, и ги вклучува сите трошоци што можат да се појават во текот на извршувањето на работата.

Предвидениот износ е пресметан врз основа на просечната пазарна цена за ваков тип на услуга.

Плаќањето ќе се врши според следнава динамика:

- 100 % по извршување на сите задачи од договорот и барањето за набавка на услуга.

Забелешка: Понудувачот треба да приложи вкупен буџет и поделба на трошоците по задачи.

ЕУ со ТЕБЕ

Овој проект е финансиран од Европската Унија

ТАБЕЛА ЗА ОЦЕНКА НА ПОНУДА ЗА НАБАВКА НА БАЗА НА ГЛОБАЛНА ЦЕНА

Референтен број: IPA/2022/440-473-AJM – 010
Наслов на проектот: „Заштита на слободата на изразување и независноста на медиумите како столбови на демократијата во Република Северна Македонија“ (Safeguarding the freedom of expression and independence of media as pillars of democracy in the Republic of North Macedonia)
5.8.2 Кампања за подигање на свеста за потребите во медиумскиот сектор (Awareness raising campaign on the needs in the media sector (A3.1.1))

Оценување на техничкиот капацитет:

Проценка на технички капацитет (Вкупно поени):	**/ 100**
Компетентност	**/50**
Квалитет и компетентност на тимот за изработка на платформата (биографии на најмалку две лица, со високо ниво на професионализам и способност за тимско работење и во ситуации на висок притисок и во кратки рокови)	/30
Референци за изработени слични кампањи (3-5 =10; 6-10=15; над 10=20)	/20
Претходно искуство	**/50**
Претходно практично искуство од минимум три (3) години во развој, планирање и креирање содржини, како и искуство во дизајн на содржини за објава на социјални медиуми, продукција и монтажа на видеа.	/40
Претходно искуство во креирање вакви и слични кампањи за промоција и видливост на разни субјекти	/10

Максималниот број поени што може да се добие при проценка на техничките капацитети е 100. Минималниот број на поени што понудувачот треба да ги постигне при проценка на техничките капацитети со цел понудата дополнително да се разгледа е 80.

На понудата со најголем број поени се доделува максималниот бројот на бодови, односно 80. Другите понуди добиваат број на поени за успешност, пресметани според следнава формула: Технички резултат = (вкупен број на поени постигнати при проценка на предметната техничка понуда) / (вкупен број на бодови постигнати при проценка на најдобрата техничка понуда) x 80.

Оценување на финансиската понуда:

Оценка на финансиска понуда (Вкупно поени):	**/ 20**
Цена	/20

Понудата со најниска цена добива најголем број на бодови, односно 20. Другите понуди добиваат број на бодови за успешност според следнава формула: Финансиски резултат = (најниска цена / цена на понуда што се разгледува) x 20

Критериум за доделување на договор:

Критериум за доделување на договорот е најдобрата вредност за парите. Најдобрата вредност за парите се одредува со проценка на техничките капацитети и цената, во сооднос 80 /20 (бодови).

Со собирање на бодовите за техничките капацитети и за финансиската понуда, се добива вкупниот број на освоени поени според кои се рангираат понудите.

ЕУ со ТЕБЕ
Овој проект е финансиран од Европската Унија